**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
## ЗА НОЕМВРИ 2008 ГОДИНА

**Ноември, 2008**

**I.Зајакнување на институционалниот капацитет**

1. На 06 ноември 2008 година, за прв пат по донесување на Законот за царинска управа, 32 царински службеници вработени во текот на 2007 година, по успешно поминување на пробната работа и стручната обука дадоа заклетва со која се обврзуваат на почитување на: Уставот и законите на Република Македонија, правилна примена на царинските прописи, почитување на одредбите од Кодексот за однесување и правилата за ред и дисциплина на Царинската управа на Република Македонија, како и на професионално, стручно, чесно, одговорно извршување на своите работни обврски.

2. Во Анкара на 11 ноември 2008 година беа потпишани измените на Протокол 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција од страна на директорот на Царинската управа на Република Македонија и генералниот директор на Потсекретаријатот за надворешна трговија на Република Турција. Со овие измени Европската Унија и замјите учеснички во процесот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија се вклучуваат како партнери за кумулација на потеклото со Македонија и Турција.

3. По завршениот меѓународен тендер Италијанската царинска агенција е избрана за најповолен понудувач за набавка на нов систем за обработка на царински декларации (CDPS). Се очекува италијанскиот компјутерски систем за потребите на царината AIDA во наредниот период модул по модул да го замени досегашниот компјутерски систем на Царинската управа на Република Македонија – ASYCUDA.

4. Системот за автоматско препознавање на таблички е ставен во функција со што се унапредува извршувањето на контролната и заштитна улога на Царинската управа.

5. Изготвен е електорнски систем за управување со постапкатата на увоз заради облагородување, кој се реализираше во рамките на заедички Проект со Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави – USAID BEA. Со овој софтвер ќе се овозможи евиденцијата на имателите на одобренијата за привремен увоз на стоките за облагородување и ќе се врши следење на нивните банкарски гаранции. За да функционира системот потребно е истиот да биде инсталиран кај сите иматели на одобренија, како и да се изврши обука за негово користење на сите негови корисници.

6. На 25 ноември 2008 година во Службен весник на Република Македонија број 146 објавена е донесената Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2009 година, чија примена ќе започне од 01 јануари 2009 година.

   Царинската тарифа, која е составен дел на Законот за царинска тарифа, се усогласува со преземените обврски кои произлегуваат со пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација и менува согласно со измените на Комбинираната номенклатура на Европската Унија, објавени во Службен весник на Европската унија бр. L 291 од 31 ноември 2008 година.

7. Во Ноември 2008 година Царинската управа наплати 4.045 милиони денари (околу 66,3 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 491 милиони денари (околу 8 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 3.433 милиони денари (околу 56,3 милиони евра) на име ДДВ, 93 милиони денари (околу 1,5 милиони евра) на име акцизи и 28 милиони денари (околу 459 илјади евра) на име

надоместоци. Во споредба со истиот месец 2007 година, вкупно наплатените увозни давачки се помали за 3 %.

Причините за намалената наплата на увозни давачки во ноември 2008 во однос на ноември 2007 година се следните:

- во ноември 2008 година вредноста на увозот (УСД) е намалена за 14,6 % во однос на истиот месец 2007, а количински е помалку увезено за 47,8 %.
- декларациите со одложено плаќање се за 6% поголеми во 2008 споредено со 2007 година;
- вредноста на увозот на стоки чија царинска стапка по Законот за царинска тарифа е нула во 2008 година е 47 % од целокупниот остварен увоз, додека во 2007 година вредноста на увозот на стоки чија царинска стапка по Законот за царинска тарифа е нула изнесува 31%.

Во периодот јануари-ноември 2008 година Царинската управа наплати 46.975 милиони денари (околу 770 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки што е 24 % повеќе во однос на истиот период 2007 година кога беа наплатени 37.809 милиони денари (милиони 620 милиони евра).

Од вкупно наплатените буџетски приходи во периодот јануари-ноември 2008 година, на име царина и царински давачки наплатени се 5.821 милиони денри (околу 95,4 милиони евра) што е еднакво на остварувањето во истиот период 2007 година. На име ДДВ наплатени околу се 40.035 милиони денари (околу 656 милиони евра), што е за 29 % повеќе во однос на истиот период 2007 година.

На име акцизи наплатени се 869 милиони денари (околу 14 милиони евра) што е 7 % повеќе во однос на истиот период 2007 година. На име надоместоци наплатени се 250 милиони денари (околу 4,1 милиони евра) што е 62 % повеќе во однос на истиот период царина 2007 година.

## II. Административен капацитет

8. Царинската управа продолжи со спроведување на Програмата за обуки, и во нејзини рамки во ноември 2008 година, во согласност со Планот за обуки за 2008 година и Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските работници, беа одржани шест основни обуки од следните области: Преглед на стоки и постапки по откривање на прекршок; Транзитна постапка, тарифа, вредност и потекло на стока и постапки по откривања на прекршок; МАКЦИС и мерки на трговска политика; две идентични обуки на тема Транзитна постапка, тарифа, вредност, потекло и мерки на трговската политика; Примарен и секундарен преглед и идентификација на дрога.Спроведени беа и обуки за примена на Упатството за начинот на постапување со привремено задржани, одземени и стоки отстапени во корист на државата и за Начинот на работа и функционирањто на апликацијата – систем за раководење со документи.

   Во соработка со странски донатори беа одржани обуки наменети за: Оператори на Nuctech THSCAN MT 1213LH скенери; Обучувачи за употреба и функции на TRIPS модулот за разузнавање и BI Publisher; Обука за попречување меѓународни нелегални активности во железничкиот сообраќај; Семинар за потекло на стоката; Работилница за безбедно управување со хемикалии и нивно воведување во националните развојни планови согласно милениумските развојни цели; Обуки за ревизија и контрола; Работилница за подобрување на царинските постапки; Обука за работа со ИПА фондови и за ИПА Фондови-постапка за набавка на услуги.

На горенаведените настани (вкупно 23) учествувале 368 цармнски службеници, во времетраење од 7.359 часа. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 19,99 часа, додека просечното времетраење на обука за секој вработен е 8,66 часа.

Претставници на Царинската управа учествуваа и на повеќе меѓународни настани во странство. Позначајни се следниве: 7 -миот Состанок на работна група за царински измами, во организација на SECI; Втор ревизорски состанок на проектот за управување со ризик во царина во земјите од Западен Балкан, во организација на Европска комисија и RAC WEB[1] проектот на ЕУ; 21 – виот состанок на заеднички комитет на ЕК/ЕФТА за заеднички транзит организиран од Европска комисија; Работна средба во врска со Проектот – хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ; Регионалната работилница за примена на царинските упатства на ЕК; Обука за разрешување на технички проблеми при препознавање и класификација на производите поврзани со директно контролирани стоки; Мешовитиот комитет за спроведување на договор за слободна трговија со ЕФТА земјите..

Соработката на Царинската управа со Амбасадата на Франција продолжува и понатаму со организирање на курсеви за изучување на француски јазик од страна на Францускиот културен центар.

## III. Интегритет и борба против корупција

9. Во ноември 2008 година, врз основа на различни сознанија и примени информации, беа реализирани 11 внатрешни истражни постапки во организационите единици на Царинската управа. За спроведените истраги изработени се 7 службени информации и 4 службени белешки.Во истиот период беа извршени 2 внатрешни инспекции во две организациони единици на Царинската управа и беа изготвени 2 извештаи.

10. Во истиот период реализирани се 10 дисциплински постапки против 10 царински службеници, од кои во 3 случаи е донесена дисциплинска мерка престанок на работен однос со Царинската управа, во 4 случаи е изречена мерка парична казна, во 2 случаи е запрена понатамошната постапка, во 1 случај е поведена постапка против еден царински службеник за сторени две повреди, за едната повреда е изречена парична казна, а за втората понатамошната постапка е запрена

    Во рамките на своите заложби за борба против корупцијата, Царинската управа на Република Македонија е првата државна институција, која на 27.11.2008 година ги превзеде анкетните листови на своите вработени од Државната комисија за спречување на корупцијата. Царинската управа превзеде вкупно 812 анкетни листови за имотната состојба доставени од страна на царинските службеници на 30.03.2005 година, а согласно членот 33-а став 4 од Законот за спречување на корупцијата, од каде произлегува дека обврската за прибирање, евидентирање и чување на анкетните листови за службените лица е на органот во кој е вработено службеното лице. Спроведувањето на оваа обврска е предвидена во Акциониот план на Царинската управа за 2008 година, како и во Договорите за вработување каде што е наведено дека царинските службеници се обврзани да достават нови анкетни листови при секое нивно унапредување.

[1] Risk Assesment for Customs in Western Balkan

Се превземаат активности за воспоставување на електронска евиденција за податоците од анкетните листови со строго ограничен пристап. Нововоспоставената евиденција за податоците од анкетните листови ќе содржи податоци за 1130 вработени во Царинската управа.

11. Во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на системот на јавна внатрешна финасиска контрола во јавниот сектор", во Царинската управа како една од 10-те пилот институции, ревизорскиот тим составен од претставници на повеќе министерства и институции, во ноември изврши ревизија на процесот на присилна наплата на царински долг од страна на Царинската управа, - при што констатираше 6 наоди и даде 8 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

12. Во ноември 2008 година преку отворената царинска телефонска линија (број 197) се примени вкупно 6.857 повика или во просек 221 повици на ден и тоа:
    - 9 повика се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени,
    - 14 повици се В класа (информации кои бараaат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
    - 26 повици Ј класа (информации проследени до Сектор за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.Од досегашните анализи констатирано е дека само 10% од овие информации имаат завршница, додека останатите 90% не содржат доволно податоци за покренување на истрага и се оквалификувани како неосновани.

13. До Гранична полиција се упатени вкупно 128 барања за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, а до Дежурниот центар за состојби при Бирото за безбедност на Министерството за внатрешни работи е упатено 1 барање и добиен соодветен одговор.

14. Во ноември 2008 година на официјалната интернет страна на Царинската управа објавени се 107 информации на македонски, англиски и албански јазик, додека на интранет порталот континуирано се објавуваат информации за вработените во Царинската управа.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

15. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во ноември 2008 година извршија преглед на 554 камиони, 221 автобус, 192 автомобили или на вкупно 967 возила на граничните премини и во внатрешноста, а Службата за мобилни скенери изврши 2012 скенирања на 1946 товарни мторни возила, 33 скенирања на автобуси и 33 скенирања на патнички моторни возила при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки) Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети над 260 видови трговски стоки:
    - 170.670 парчиња украсни свеќи и новогодишни лампиони,

- 134.736 парчиња батерии,
- 80.400 парчиња декоративна козметика (пудра за лице, маскари, лак за нокти, сјај за уста, руменила, кармини, креми за лице и др. )
- 25.027 килограми разновидни прехрамбени производи, 10.278 литри чоколадно млеко, 2170 литри вино,
- 16.640 пакувања храна за мачки,
- 10.120 килограми ситно сецкан тутун
- 9.200 парчиња цигари
- 8.263 пара ракавици
- 3.200 парчиња на текстилни производи (блузи, тренерки, пижами)
- останати видови стоки како уреди за домаќинство, мебел, автоделови, церади и др.

Како покарактеристичен може да се издвои случајот на нелегален транзит на поголема количина на стока, откриена при контрола на товарен воз со 22 вагони натоварен со 9 камионски приколки и 27 контејнери на граничниот премин Табановце со Србија. При селективен преглед на два контејнера, царинските службеници од Одделението за оперативни работи пронајдоа непријавена стока во сопственост на фирмата Лидл од Грција, односно покрај пријавените средства за хигиена, во контејнерите се наоѓале и 3.958 пакувања на различни месни производи, кои подлежат на задолжителна ветеринарна контрола. При детална контрола на останатите 14 контејнери кои и припаѓале на оваа фирма, пронајдени се вкупно 333.292 парчиња најразновидна непријавена стока: декоративна козметика, течен детергент, скијачки ракавици, игли за плетење, роковници, украсни свеќи, правосмукалки, церади за кола, чоколадно млеко и друго. Непријавената стока е одземена и е поднесена кривична пријава против одговорните лица.

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа доставени се 206 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 34 барања по прекршочна пријава за возила доставени од Министерството за внатрешни работи, 20 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги, 123 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, а останатите 29 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа ноември реши 53 предмети во редовна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 3,22 милиони денари (околу 52,5, илјади евра) и ја одзеде стоката предмет на царински прекршок.

16. Во текот на ноември Царинската управа издаде 435 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 5,05 милиони денари (околу 82,12 илјади евра).

17. Во ноември 2008 година Царинската управа донесе 138 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 6,8 милиони денари (околу 111,8 илјади евра).

18. Во овој месец се извршени дополнителни контроли по разни основи во 25 трговски друштва, врз основа на кои се изготвени вкупно 37 предлози за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 2.397.675,00 денари.

19. Царинската управа до основните јавни обвинителства, во текот на месец ноември поднесе 11 пријави за покренување за кривична постапка против 14 физички лица и 8 правни лица.

Основите за поднесување на кривични пријави во ноември 2008 година се следните: криумчарење, поднесени се кривични пријави против 7 физички лица и 3 правни лица; царинска измама, поднесени се кривични пријави против 4 правни и 4 физички лица; недозволена изработка, чување и тргување со оружје и распрскувачки материјали, поднесена е кривична пријава против 1 физичко лице; недозволена изработка, чување и тргување со оружје и распрскувачки материјали, поднесена е кривична пријава против 1 физичко лице; транспорт и промет со акцизна стоки без бандероли, поднесена е кривична пријава против против 1 физичко лице; фалсификување и употреба на исправа, симнување и оштетување на царинско обележје, поднесени се кривични пријави против 1 правно и 1 физичко лице. Вкупната вредност на стоката предмет на кривично дело изнесува 18,9 милиони денари (околу 300 илјади евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 5,5 милиони денари (околу 90 илјади евра).

Во текот на месец ноември по извршена контрола од страна на Комисијата за вршење на проверка на спроведувањето на царинската постапка од страна на застапниците, Царинска управа донесе решенија за одземање на одобренијата за вршење работи на застапување во цариснки постапки. На „ТД Макошпед“ АД Скопје, одобрението е одземено заради сторени царински прекршоци и изречена глоба во вкупен износ од над 10.000 евра во денарска противвредност, со што влегува во категорија на „лица со ризик“. По истиот основ одземено е и одобрението на „АД Макпетрол“ Скопје. На шпедицијата „Јуба“ одобрението и е одземено заради потпишување на увозните декларации од страна на лица кои непоседувале лиценца за вршење на застапување.

По извршени контроли и утврдени неправилности во спроведување на царинската постапка, како и неисполнување на условите предвидени во одобрението.за поседување на царински склад, Царинската управа во текот на месец ноември ги одзема одобренијата на фирмите „Еуромилк,“, „Електроелемент“ и „Тим поинт“.

20. Во ноември 2008 година Царинската управа спречи 7 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 6.695 парчиња различна стока. Царинската управа, согласно Законот за заштита на правата од интелектуална сопственост, постапуваше по службена должност во 1 случај при што задржа стока поради основано сомнение дека повредува право од интелектуална сопственост за трговската марка Philips за која не беше поднесено барање за преземање на царински дејствија.

Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
- 3.480 пакувања гел за коса
- 2.202 парчиња текстил (тренерки, детски тренерки,јакни)
- 787 пара патики
- 158 парчиња неонки
- 68 парчиња ташни.

Во периодот од 01.11.2008 до 31.11.2008 година се поднесени 6 нови барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за следните трговски марки: Calvin Klein, Gant, Ralph Lauren Romance, Joy, Viaggio, Hysteria. Исто така беше одобрено и продолжување на рокот за наредната година за 29 трговски марки кои се

регистрирани од минатата година и тоа: Mild Seven, Monte Carlo, Salem, Winchester, JT International, Camel, Magna, More International, Winston JTI (Japan Tobacco Incorporation), Herba, Calvin Klein, Gucci, Tornabuoni, Horsebit, Red green stripe, Pantheon, Icon, Signoria, Timberland, Envy, Ferrero Rocher, Kinder Bueno, 3 D Duplo, Raffaello Oval Ribbon, Nuttela, Tic Tac, Joy, Viaggio, Hysteria.

Во ноември се донесени одобренија за уништување за 7.924 парчиња стока, а уништени се вкупно 3.890 парчиња фалсификувана стока и тоа на текстилни производи од трговските марки: Adidas, Puma, D&G, Diesel, Versace, Tommy Hilfiger, Lacoste и Nike, ташни од трговските марки Versace и Louis Vuitton, резервни делови за Mercedes спортска опрема од трговските марки Reebok, Converse и Adidas привезоци од трговската марка BMW, каиши од трговската марка Gucci и Prada.

Мобилните тимови на Царинска управа спроведоа операција наречена ЕХО при што извршија детална царинска контрола на царинските складови на подрачјето на град Скопје. Во оваа акција откриени се три царински прекршоци врз основа на кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка. Еден од овие случаи е контролата на стоката под надзор на јавениот царински склад Електроелемент од Скопје, при што е констатирано дека недостасуваат вкупно 113 патнички и товарни моторни возила, кои не се оцаринети, а се изнесени од царинскиот склад.

## V. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

21. На 19 ноември 2008 година, делегација на Генералниот директорат за царина и оданочување при Европската Комисија спроведе ИТ мониторинг мисија во Царинската управа на Република Македонија.

    Целта на Мисијата беше оценка на информационо-комункациската технологија и активностите кои Царинската управа ги презема во оваа област, но и утврдување на резултатите од техничката помош пружена од Генералниот директорат за царина и оданочување.

22. На 24 ноември 2008 година амбасадорот на САД во Скопје, министерот за финансии и директорот на Царинската управа потпишаа Договор за донација на техничка опрема за Царинската управа на Република Македонија, која беше доделена од страна на Владата на Соединетите Американски Држави. Истиот ден се изврши и свечено примо-предавање на девет теренски LADA Niva возила, опрема за попречување на нелегални активности и компјутери во вкупна вредност од $280,000.00.

23. Во периодот од 24 до 28 ноември 2008 година, во Ломел – Белгија се одржа14-от светски турнир во мал фудбал на униформирани лица, на кој што учествуваше и екипа на Царинската управа на Република Македонија , и го освои високото второ место. Овој турнир важи за неофицијално светско првенство на униформирани лица (полиција, царина, гранична полиција, пожарникари итн), каде тимот на Царинската управа на Република Македнија во состав од 6 царински службеници за три дена одигра 11 натпревари и го освои 2-то место во конкуренција на 24 екипи од цела Европа, во категорија на играчи над 35 години.

**24.** Во текот на номвери стапи на сила Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот едношалтерски систем за обработка на податоци во

електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки („Службен весник на РМ“ бр. 134/08). Со истата се пропишани детални правила за воспоставувањето, корисниците, регистрацијата, функционалностите, софтверските и хардверските карактеристики на едношалтерскиот систем. Во рамките на неговата подоготовка, Царинската управа во сораобтка со партнерите кои го подржуваат и изведуваат проектот, навремено го стави во функција едношалтерскиот информационен систем EXIM. Овој систем е достапен на интернет, перку порталот www.exim.gov.mk, и има за цел да овозможи електронско поднесување барања и издавање дозволи за контрола при увоз, извоз и транзит на стоки, да ја модернизира и поедностави постапката, како и да воспостави единствена база на податоци и хармонизиран систем на размена на податоци меѓу субјектите во јавниот и приватниот сектор во областа на меѓународната размена на стоки. Со своите функционалности системот овозможува олеснување на административните постапки и примена на современа технологија во трговијата и спроведувањето на трговската политика. Во насока на олеснето користење на системот подоготвени се повеќе информации и упатства кои се достапни на порталот, а формирана е група за корисничка подршка и помош на корисниците.